ЗЛАТЕ КРСТЕСКИ - МАКЕ

# ИКОНИ ВО ДРВО

(копаничарски техники)

# ШЕСТА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА

Дом на културата
"Марко Цепенков" Прилеп
Ликовна галерија

8 - 20 септември 1997 година



**Св. Илија** 50x30x4

## Домот на културата "Марко Цепенков"
## и општина Прилеп

*Ве поканувaат на свеченото отворање на*
*08.09.1997 год. (понеделник) во 20 часот.*
*Изложбата ќе ја отвори претседателот*
*на општината г-н Глигор Иваноски*

**ЗЛАТЕ КРСТЕСКИ** се претставува со циклус од триесетина ликовни дела во ореово дрво, создадени во последниве неколку години.

Изложените копаничарски творби изразуваат ликовен интерес на уметникот за религиозни теми, нивните симболи и начинот на прикажувањето. Мотивиран е од библиски претстави, од ликови на светители и од импресивната ликовна заложба на македонската и светската ликовна уметност, во која наоѓа инспирација за креација и визуелизација на илустративниот христијански сликосвет.

Експонантите не внесуваат меѓу ликовните и сликовните тајни на копаничењето и резбањето, длабењето и творењето загадочни форми, ликови, претстави и образи што потекнуваат од дарбата за мечтаење, создавање и обликување.

Злате Крстески создава ликовни творби, чие потекло е од разни уметнички периоди, од разнообразни духовни простори, по импресии на старите мајстори на источниот ликовен библиски, христијански свет, од што резултираат разновидните стилски и уметнички обележја, присутни на изложбата, која е мошне сликовита и илустративна во ликовно-тематска и мотивско-естетска смисла.

Карактеристична е ликовната техника на изведените резбарски претстави во плиток, длабок и поткопан релјеф, специфичен и сложен пристап на изведбата, исклучителен напор и труд посветен на ликовните обликувања, на форми и композиции: фриз од детали, глетки и образи што потсетуваат на макотрпноста при создавањето и уште поважно, поседуваат ликовни вредности кои се уметнички истакнати во овие илустрирани импресии.

Изложбата или заложбата на поставката поттикнува кон размислување за возбудите и восхитот предизвикан од творечките претскажувања и искушенија врамени меѓу овие длабени и издлабени, резбани и копаничени површини, задлабени меѓу творечките длабочини што приложуваат талент, макотрпност, неизвесност и исчекување - превези од загадоштва со кои се превезени и проследени создавањата и посветувањата на делата.

*Ричард Иванишевиќ*



# ЗЛАТЕ КРСТЕСКИ - МАКЕ

*"Ѓ. Сугаре 26" - Битола*
*тел. (097) 43-420*
*Претседател на Здружението на копаничари на Македонија*

***САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ***

1989 с. Трново, Битола - Собир на Македонците од Егејскиот дел
1992 Прилеп - Дом на културата
1992 Кичево - Дом на културата
1995 Кичево - Дом на културата
1995 - Швајцарија
1996 Франкфурт, Германија - Студиски престој за копаничарство

***ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ***

1988 - Битола - Дом на културата
1989 - Скопје - Кора
1989 - Битола - Дом на културата Републичка изложба на ракотворби
1989 - Битола - Дом на културата
1990 - Скопје - Кора
1991 - Битола - Дом на културата
1993 - Битола - Уметничка галерија
1993 - Крушево - Хотел "Монтана"
1993 - Охрид - Куќа на Уранија
1993 - Струга - Дом на културата
1993 - Скопје - Дом на АРМ
1993 - Скопје - Универзална сала
1994 - Битола - Дом на АРМ Изложба на македонски ракотворби
1994 - Битола - Уметничка галерија
1994 - Охрид - Дом на културата
1994 - Скопје - Дом на АРМ
1994 - Скопје - Културно информативен центар при Работнички дом
1995 - Битола - изложба на ракотворби
1995 - Штип - Безистен галерија
1995 - Битола - Уметничка галерија
1995 - Охрид - Дом на културата "Г. Прличев"
1995 - Скопје - "Стоби" уметничка галерија
1996 - Берлин - туристичка берза
1996 - Скопје - Балканска туристичка берза
1996 - Струмица - Дом на културата
1996 - Отешево - 45 години од Матица на иселениците од Македонија
1996 - Скопје - Природно математички факултет 50 годишнина
1996 - Скопје - Компас турс
1996 - Битола - Приватна галерија "Ван Гог"
1997 - Кронберг, Словенија, денови на македонската култура

***УМЕТНИЧКИ КОЛОНИИ***

1994, 1995, 1996, 1997 - "Копаничарство" - Манастир "Св. Јован Бигорски"

***НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА***

1989 - Прва награда на Републ. излож. на ракотворби Битола
1992 - Благодар. за успешна излож. од КУД "Нико Пусоски" Кичево
1994 - Втора награда на Излож. на македонски ракотворби Битола
1995 - Втора награда на изложба на ракотворби Битола